РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
Број 08-1278/1
27.04.2016 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 31 став (2) точка 19, член 35 став (2), член 38, член 38-а и член 39 став (3) од Изборниот законик (Сл. весник на РМ" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15 и 35/16), Државната изборна комисија на седницата одржана на 27.04. 2016 година, донесе

# ПРАВИЛНИК
## ЗА УТВРДУВАЊЕ НА КРИТЕРИУМИ ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ, ЧЛЕНОВИ И НИВНИ ЗАМЕНИЦИ ВО ОПШТИНСКИТЕ ИЗБОРНИ КОМИСИИ, ИЗБОРНАТА КОМИСИЈА НА ГРАДОТ СКОПЈЕ, ИЗБИРАЧКИТЕ ОДБОРИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ИЗБИРАЧКИ ОДБОРИ ВО ДИПЛОМАТСКО КОНЗУЛАРНИТЕ ПРЕТСТАВНИШТВА И ИЗБИРАЧКИ ОДБОР ЗА ГЛАСАЊЕ ВО ДИК

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се утврдуваат начинот и постапката за избор на претседател, членови и нивни заменици во општинските изборни комисии, Изборната комисија на градот Скопје, избирачките одбори во Република Македонија и избирачките одбори во Дипломатско конзуларните претставништа ( во понатамошниот текст ДКП).

Државната изборна комсија, изборот од став 1 на овој член, го врши со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Комисијата.

## II. ОПШТИНСКА ИЗБОРНА КОМИСИЈА И ИЗБОРНА КОМИСИЈА НА ГРАДОТ СКОПЈЕ

### Критериуми за избор на претседател, членови и нивните заменици

### Член 2

За претседател, членови и нивни заменици на општинските изборни комисии и Изборната комисија на градот Скопје може да се избере лице:

- државјанин на Република Македонија;
- вработен во државната, односно општинската и администрација на градот Скопје;
- да има високо образование;
- по правило да има живеалиште на подрачјето на општината за која е формирана општинската изборна комисија и Изборната комисија на градот Скопје.
- да не е осудено за казниво дело поврзано со изборите и претходно да не учествувало во спроведување на изборите и во чија работа како член на изборен орган се утврдени неправилности поради кои е поништено гласањето,
- да не избран или именуван функционер од Владата, односно Собраниетона Република Македонија и
- да не е лице вработено во државната администрација на Народниот правобранител, Министерството за правда, Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Секретаријатот за законодавство, Државниот завод за статистика, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи, стручната служба во Управниот суд, стручната служба на Државната изборна комисија, стручната служба на Државната комисија за спречување на корупцијата и вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Националната припадност е критериум при изборот на членовите на општинските изборни комисии односно Изборната комисија на градот Скопје доколку во општината живеат најмалку 20% од граѓаните припадници на другите заедници и во нив се одразува принципот на соодветна и правична застапеност на сите заедница.

Во составот на општинската изборна комисија односно изборната комисија на градот Скопје, секој пол ќе биде застапен со најмалку 30%

**Член3**

Претседателот, неговиот заменик, членовите и нивните заменици се избираат по случаен избор за време од пет години.

**2. Начин на избор на претседател, членовите и нивните заменици на општинските изборни комисии и Изборната комисија на градот Скопје**

**Член 4**

Изборот на претседателот, членовите и нивните заменици на општинските изборни комисии и Изборната комисија на градот Скопје се врши по случаен избор преку посебно апликативно софтверско решение на Државната изборна комисија.

Апликативното решение за случајниот избор се изработува со Delphi методологијата за генерирање на случајни броеви, при што се користат вградените процедури. Методологијата обезбедува доволно голем опсег на вредности (2**32 броеви) за потребите на изборот.

Генераторот на случајни броеви е заснован на алгоритамот на Lehmer, кој е 32 битен линеарен алгоритам, прилагоден да генерира секвенци од псеудо-случајни броеви. Lehmer - овиот алгоритам ја користи следнава формула:

X:=(X*A+C) mod (M)

каде што X е случаен број, A е мултипликатор (во Delphi е 134775813), C е константа (во Delphi е 1) и M е специфициран опсег (во Delphi е 2**32).

Оваа методологија гарантира дека нема да се случи повторување на веќе избрани лица.

## III. ИЗБИРАЧКИ ОДБОР

## - ИЗБИРАЧКИ ОДБОР ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**1. Критериуми за избор на претседател, членови и нивни заменици на избирачките одбори**

**Член 5**

За претседател на избирачкиот одбор и негов заменик, два члена и нивни заменици може да се избере лице:

- државјанин на Република Македонија;
- вработен во државната, јавната, општинската и администрацијата на градот Скопје.
- по правило да има живеалиште на подрачјето на општината за која е формиран избирачкиот одбор;
- да не е осудено за казниво дело поврзано со изборите и претходно да не учествувало во спроведување на изборите и во чија работа како член на изборен орган се утврдени неправилности поради кои е поништено гласањето,
- да не избран или именуван функционер од Владата, односно Собраниетона Република Македонија и да не лице вработено во државната администрација на Народниот правобранител, Министерството за правда, Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи, Секретаријатот за законодавство, Државниот завод за статистика, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи, стручната служба во Управниот суд, стручната служба на Државната изборна комисија, стручната служба на Државната комисија за спречување на корупцијата и вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

За претседателот и неговиот заменик покрај условите од став 1 кандидатот треба да има високо образование, а за членовите и нивните заменици најмалку средно образование.

**Член 6**

Претседателот на избирачкиот одбор и неговиот заменик се избираат од редот на вработените во државната, јавната, општинската и администрацијата на град Скопје, со високо образование, два члена и нивни

заменици се избираат од редот на вработените во државната, јавната, општинската и администрацијата на градот Скопје со најмалку средно образование, по случаен избор за време од четири години.

**Член 7**

Еден член на избирачкиот одбор и неговиот заменик се именува на предлог на политичките партии во опозиција кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови.

Еден член на избирачкиот одбор и неговиот заменик се именува на предлог на политичките партии на власт кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови.

**Член 8**

Националната припадност е критериум при изборот на членовите на избирачките одбори доколку во општината живеат најмалку 20% од граѓаните припадници на другите заедници и во нив се одразува принципот на соодветна и правична застапеност на сите заедници.

Во составот на избирачките одбори секој пол ќе биде застапен со најмалку 30%

**2. Начин на избор на претседателот на избирачкиот одбор во Република Македонија и неговиот заменик, два члена и нивни заменици**

**Член 9**

Изборот на претседателот на избирачкиот одбор и неговиот заменик, два члена и нивни заменици се врши со случаен избор преку посебно апликативно софтверско решение на Државната изборна комисија.

Апликативното решение за случајниот избор се изработува со Delphi методологијата за генерирање на случајни броеви, при што се користат вградените процедури. Методологијата обезбедува доволно голем опсег на вредности (2**32 броеви) за потребите на изборот.

Генераторот на случајни броеви е заснован на алгоритамот на Lehmer, кој е 32 битен линеарен алгоритам, прилагоден да генерира секвенци од псеудо-случаЈни броеви. Lehmer - овиот алгоритам ја користи следнава формула:

X:=(X*A+C) mod (M)

каде што X е случаен број, A е мултипликатор (во Delphi е 134775813), C е константа (во Delphi е 1) и M е специфициран опсег (во Delphi е 2**32).

Оваа методологија гарантира дека нема да се случи повторување на веќе избрани лица.

**3. Начин на избор на претседател на избирачкиот одбор во ДКП и неговиот заменик, четири члена и нивни заменици**

**Член 10**

Гласањето во ДКП, односно конзуларните канцеларии го спроведува избирачки одбор составен од претседател и четири члена.

Изборот на членови на избирачките одбори во ДКП, односно конзуларни канцеларии го врши Државната изборна комисија.

Претседателот и членовите имаат заменици.

Претседателот и замeникот на претседателот се избираат од редот на дипломатите, вработени во соодветното ДКП, односно конзуларните канцеларии, по случаен избор за време од четири години.

Доколку во соодветното ДКП, односно конзуларните канцеларии нема доволно вработени лица кои можат да бидат избрани за претседател и заменик на претседателот, заменик претседателот се избира на предлог на политичките партии од власта и опозицијата по пат на ждрепка.

Членовите и нивните заменици се избираат на предлог на политичките партии од власта и опозицијата од редот на државјани на Република Македонија со постојано живеалиште во државата во која се спроведува гласањето или државјанин на Република Македонија со постојано живеалиште во Република Македонија.

Доколку политичката партија од власта или опозиција во роковите утврдени со Изборниот законик не може да предложи членови и нивни заменици од редот на државјани на Република Македонија со постојано

живеалиште во државата во која се спроведува гласањето, тогаш политичките партии предлагаат членови и заменици од државјаните на Република Македонија со постојано живеалиште во Република Македонија.

Два члена на избирачкиот одбор и нивните заменици се именуваат на предлог на политичките партии на власт кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови.

Два члена на избирачкиот одбор и нивните заменици се именуваат на предлог на политичките партии во опозиција кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови.

**4. Начин на избор на претседател на избирачкиот одбор за гласање во ДИК и неговиот заменик. Четири члена и нивни заменици**

**Член 11**

За гласање на членовите на избирачките одбори за гласање во ДКП односно конзуларните канцеларии составот на избирачкиот одбор за гласање во ДИК е идентичен со составот на избирачките одбори за гласање во Република Македонија кој се формира согласно член 9 од овој Правилник.

## IV. ИЗЈАВА ЗА НЕПРИФАЌАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗБОР НА ПРЕТСЕДАТЕЛ, ЧЛЕНОВИ И НИВНИ ЗАМЕНИЦИ ВО ИЗБОРНИТЕ ОРГАНИ

**Член 12**

Лицата избрани за претседател, членови и нивни заменици во општинската изборна комисија односно Изборната комисија на градот Скопје, избирачките одбори во ДКП и избирачкиот одбор за гласање во ДИК имаат право да поднесат изјава за неприфаќање на изборот согласно критериумите содржани во член 18 став 3 од Изборниот законик.

Рокот за поднесување на изјавата од став еден од овој член е 48 часа сметано од денот на објавувањето на Одлуката за формирање на општинските изборни комисии, Изборната комисија на градот Скопје, избирачките одбори во ДКП и избирачкиот одбор за гласање во ДИК во „Службен весник на Република Македонија".

Изјавата се поднесува лично до Државната изборна комисија. Доставувањето преку пошта не е дозволено.

Државната изборна комисија одлучува по изјавата во рок од 24 часа од денот на приемот на истата.

Решението на Државната изборна комисија е конечно.

**Член 13**

Лицата избрани за претседател, членови и нивни заменици во избирачките одбори во Република Македонија имаат право да поднесат изјава за неприфаќање на изборот само поради здравствени или семејни причини, врз основа на приложена соодветна документација.

Рокот за поднесување на изјавата од став еден од овој член е 48 часа сметано од денот на објавувањето на Одлуката за формирање на избирачкиот одбор во „Службеното гласило на општината".

Изјавата се поднесува лично до општинските изборни комисии.

Доставувањето преку пошта не е дозволено.

Општинските изборни комисии врз основа на приложена соодветна документација, одлучуваат по изјавата во рок од 24 часа од денот на приемот на истата. Решението на општинските изборни комисии е конечно.

## V. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 14**

Истовремено со реализацијата на случајниот избор на составите на општинските изборни комисии и Изборната комисија на градот Скопје, односно избирачките одбори, се врши случаен избор и на резервна листа

која соодветствува со погоре наведените критериуми, а во висина од една третина од составот на општинските изборни комисии и Изборната комисија на градот Скопје, односно избирачките одбори.

Во општината каде нема, или нема во доволен број вработени во државната, јавната, општинската и администрацијата на градот Скопје, за именување во општинските изборни комисии, Изборната комисија на градот Скопје или избирачките одбори, односно лица кои ги исполнуваат посебните услови согласно член 21 став 2 и 3 од Изборниот законик и согласно со членовите 2, 5, 6 и 8 од овој Правилник, тогаш потребниот број лица се именуваат од редот на неангажираните вработени во државната, јавната, општинската и администрацијата на градот Скопје од соседните општини, по случаен избор.

**Член 15**

Државната изборна комисија ќе донесе одлука за формирање на општински изборни комисии, одлука за формирање избирачки одбори за гласање во ДКП и одлука за формирање на избирачки одбор за гласање во ДИК и тоа:

- согласно членовите 31 став (2) точка 1 и 35 став (1), а во врска со член 18 од Изборниот законик (Сл. весник на РМ, бр. 40/2006, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15 и 35/16) ќе изврши избор на општинските изборни комисии и Изборната комисија на градот Скопје,
- согласно членот 31 став (2) точка 40 а во врска со членот 38-а став (2) од Изборниот законик (Сл. весник на РМ, бр. 40/2006, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15 и 35/16) ќе изврши избор на членови на избирачки одборите одбори во ДКП, односно конзуларните канцеларии.
- согласно членот 31 став (2) точка 40 а во врска со членот 38-б од Изборниот законик (Сл. весник на РМ, бр. 40/2006, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15 и 35/16) ќе изврши избор на членови на избирачки одбор за гласање во ДИК
-

**Член 16**

Согласно член 37 став (2) точка 1 а во врска со член 38 од Изборниот законик (Сл. весник на РМ, бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 54/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15 и 35/16), општинските изборни комисии, за предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија кои ќе се одржат на 5 јуни 2016 година, должни се да извршат именување на составот на избирачките одбори, при што Претседателите на избирачките одбори, нивните заменици и два члена и нивни заменици ќе ги именува по случаен избор, а два члена и нивни заменици се именуваат од предлозите на политичките партии во опозиција и на власт кои на последните избори за пратеници освоиле најмногу гласови.

**Член 17**

Со влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за утврдување на критериумите на начинот и постапката за избор на претседател, членови и нивни заменици во општинските изборни комисии, Изборната комисија на град Скопје и избирачките одбори, број 07-85/1 од 20 јануари 2009 година.

**Член 18**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето.

Број ________ / ___
__________ 2016 година
Скопје

ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА
ПРЕТСЕДАТЕЛ
Александар Чичаковски